Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11 и 123/12, 93/13 ,187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18),
Општина Ѓорче Петров, на ден 25.02. 2021 год. донесе:

## Одлука за неспроведување на стратегиска оцена

1. За планскиот документ **Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Орман, блокови 11, 12, 13, 14, 15, 15.1, 16 и 17, Општина Ѓорче Петров**, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ ќе има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето на планскиот документ **Изменување и дополнување на Урбанистички план за село Орман, блокови 11, 12, 13, 14, 15, 15.1, 16 и 17, Општина Ѓорче Петров**, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: со планскиот документ кој се донесува се врши уредување на просторот со површина од 63,95ha, согласно важечката законска регулатива од областа на урбанизмот. Влијанијата врз животната средина од реализацијата на овој плански документ, не би биле од таков обем да се пропишуваат посебни мерки во планирањето, туку урбанистичко-техничките мерки ќе се применат при изработка на основните проекти за градбите.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

**Општина Ѓорче Петров**
**Г р а д о н а ч а л н и к,**

Број 09- 517/5

од 25.02, 2021 година

Скопје

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Општина Ѓорче Петров
СКОПЈЕ

**Александар Наумоски**